АСЈА БАКИЋ



# МОЖЕ И КАКТУС, САМО НЕКА БОДЕ

ТЕМПЛУМ

Издавач: Темплум

Главен и одговорен уредник: Никола Гелевски

Графичко уредување и дизајн: Кома

Корица: Владимир Лукаш

Лектура: Бобан Карапејовски

**www.templum.com.mk**

**CIP - Каталогизација во публикација**

**Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје**

**821.163.42(497.6)-1**

**БАКИЌ, Асја**

**Може и кактус само нека боде [Електронски извор] / Асја Бакиќ ; превод од хрватски Иван Шопов. - Текст. - Скопје : Темплум, 2015**

**Начин на пристап (URL): www.okno.mk. - Текст во PDF формат, содржи 95 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 18.09.2015. - Превод на делото: Može i kaktus, samo neka bode / Asja Bakić. - Белешка за авторката: стр. 93**

**ISBN 978-608-4658-45-0**

**I. Bakić, Asja види Бакиќ, Асја**

**COBISS.MK-ID 99304714**

АСЈА БАКИЌ

# МОЖЕ И КАКТУС, САМО НЕКА БОДЕ

Превод од хрватски:
Иван Шопов

Темплум,
Скопје, 2015

# УВОДНА

# СТРИП

простете,
ама јас би сакала да нацртам стрип
за две роботски глави
една приказна во
три квадрати
другата во истите тие три
молчи

# СМРТТА Е ЖЕНА И СЕ ВИКА МАРТА

# ПРЕСУДА

мамо, јас добив
сега си жена, сине

# СМРТТА Е ЖЕНА И СЕ ВИКА МАРТА

Гледаш
Смртта дојде во жолта кабаница
Зашто надвор истура
Изненаден си бидејќи жолтата не е бојата на Смртта
Таа ја вади својата качулка
И гледаш румена селанка како
Ти нуди масно домашно сирење и кајмак
Се плашиш
Не ја замислуваше смртта така
Се двоумиш
Што ако ги одбиеш сирењето и кајмакот?
Дали Смртта сеедно ќе те земе за себе?
Каква трансцедендентост се крие во
Кајмакот и сирењето?
Дали ако го пробаш кајмакот ќе одиш во рајот
А сирењето во пеколот?
Обратно?
Се потиш
И се прашуваш
Со што си заслужил
Тоа сирење и кајмак
Марта да го донесе баш на твојата врата.

# ПОРТРЕТ

Метафорите се
како циркуски ножеви
се забиваат во зглобовите
и ги тераат рацете да повлекуваат линии
не за да напишат песна
туку за да ги нацртаат
уморните очи
на ингеборг бахман

## BITE ME!!!

Долго време помина од мојот пад во
Дупката и сѐ уште сум во неа-
Живеам во куќата која ја надраснав
Со зајакот на кој му ги подавам белите ракавици
Кога доцни на работа
Веќе ми е преку глава од глупавите чајанки кај
соседите
И партијата крикет со кралицата
Повеќе не забележувам дека грофицата раѓа свињи
Ниту дека војниците со својата крв ги бојат белите
рози во црвено
Прекумерно уживам во drink me отровите
Колку-толку да ја одржам својата големина во
Овој инфантилен свет кој за мене
го оправда заебаниот свештеник

* * *

Дајте ми го Тин Ујевиќ
Да му заврзам прцлиња
Да му кажам да ги подготви
Своите темни магли
И најпосле да заплаче како жена

# ПОЕТЕСА ОД 1960-ТИТЕ

Облеков вселенски костум
И спремна сум за поход кон ѕвездите
Но ме држат на Земјата
И од мене прават кловн
Наместо астронаут
Станав поетеса
Која на бината ги рецитира
Своите ѕвездени стихови
За мажите да се одморат од
Онанирање
А жените од
Фенирање

## ПЕСНАТА НА ЕДНА КУРВА

Нешто секогаш ме тера
Да ги кревам нозете
И да им салутирам на идеологиите
И на големите луѓе
Заборавајќи понекогаш
Да ја поздравам
Малата
Накинѕурена
Себе

## ЧОВЕК БЕЗ ЕДНА НОГА СЕ ЖЕНИ СО ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ПОМЛАДА ЖЕНА СО ЕДНА НОГА

со бракот
твојата нога станува
моја нога
и најпосле
како целосен маж
можам да заминам во
подобро утре

# ПРАШАЊЕТО НА ОФЕЛИЈА ДО РЕЖИСЕРОТ

А да пoпливам уште малку
пред да се пуштам?

## ДИСКРЕПАНЦА

секогаш кога влегува во неговиот
квадрат на малевич
кој се плаши од отсуството на бајка во геометријата
тој ѝ дава покривач на влезот,
иако зрното грашок стои под душекот.

# ПЕСНА НА ИДНА ПАЦИЕНТКА НА СЕКСИ ПСИХИЈАТАР

драг Ш. од Тузла
ќе ме лечиш ова лето
зашто ете
мислам дека
русокосите шмизли
твоите девојки
под тркалата на мојот голф
се ептен кул

„Се прашувам дали
He-Man знае дека
моќта која ја има тој
ја имам и јас?“
(Wonder Woman)

# АВТОПОРТРЕТ СО ДЕДОВИОТ ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

***

моите нокти се бојат:
некој во црвено
некој во зелено
а еден одбива да се
изјасни идеолошки.
се залажува
бидејќи како и да земеш
е на левата рака

* * *

Другите гасат догорчиња по себе
кога сакаат да се казнат.
Јас излегувам надвор,
меѓу луѓето,
малку да поразговараме.

# ПОПЛАДНЕВНА АВТОИРОНИЈА

Мувите го летаат
Својот симболички лет
Околу лустерот
Бидејќи никој
Не се посра на средина од собата
Очекувам да слетаат
На мене

## ОГЛАС

Секој човек е
тело оградено
со ѕид
го нудам мојот кинески
за нечиј берлински
бидејќи него
во случај на голема
осаменост
е полесно да го урнеш

# КАКО ПРОПАДНА РЕВОЛУЦИЈАТА

Тетка Тица еднаш ме сонуваше.
Ми рече:
Асја, носеше знаме
и луѓето одеа по тебе.
Не ја прашав,
ама сигурна сум
дека сум ги водела луѓето
по заобиколен пат.

## КАЈ ПЛАСТИЧНИОТ ХИРУРГ

Ме интересира дали некако е можно
да се растегне онаа малку мртва кожа на лактите
преку целото тело
да ме боли помалку
кога луѓето ме влечат за нос?

# ДЕПРЕСИЈА

Штипките се
Прекрасно шарени на масата
И имаат криза на идентитетот
Не им е јасна нивната позиција
Во моето домаќинсво
Зашто веќе три недели
Не сум ги закачила алиштата
Да се сушат

# НЕДОСТИГ НА ИНСПИРАЦИЈА

жолтиот цвет
залудно го фрла
своето семе по
мојата маса
зашто на него не расте
ништо освен
стуткана хартија

# СУПЕРМЕН СО ЦИЦКИ?! Е, БАШ ФИНО.

Ова тело е мој НЛО
Додека треперејќи надлетувам глави
На радио објаснуваат:
Тоа е само авион
НАСА во своите книги пишува:
Навистина неидентификуван летечки објект
А луѓето повторно почнуваат да веруваат во Супермен
Само, насетуваат, овој има цицки
И не ги спасува луѓето
Туку себеси

# КАНАЛИЗИРАЊЕ НА БЕСОТ

Ми се расипа центрифугата
И не можам да го исфрлам бесот надвор
Моето дупчесто тркало
Не ротира
Ѝ дозволува на водата
Неконтролирано да тече
Уште малку
Уште сосема малку време
Ме дели од отпадот
Од кој, се надевам,
Ќе воскреснам како
Тостер.

* * *

Утрово само мојот прозорец со светлото
Гледа во мракот
Славам-
Со главоболката ја најдов
На рамениците заборавената
Глава

## КОГА БЕВ МАЛА НЕ ПАДНАВ ОД КРУША

имам џумки на главата кои
не се рогови иако имам ѓаволски јазик
тие вонземјани се
кријат во мојата коса
и чекаат да ми го изгрицкаат сиот лак од ноктите
додека занесено ги гребам со прстите
не знам од каде дојдоа
можеби од марс од кој како мала
сум паднала на глава.

# RAZ DWA TRY

сѐ се создава во пар:
чевлите, цицките, бубрезите.
сѐ се раздвојува во пар:
убаво-грдо, богато-сиромашно.
само мојот кул моторцикл има
три тркала
за да не паднам и да не станам едно
со земјата.

# ФОТОМОНТАЖА НА КОЛАЖОТ

Често правам
Сосема безопасни и
Симпатични колажи
На пр.
Мојата глава ставена
На телото на летечка Кинеска
Која со тенки ножички
Во воздхот удира
Десетици мажи по лицата
Или, уште подобро,
Облечена по последната мода
Со инстант лепило
Одлично ја прилепувам
На исечената фотографија
од Токио

Колажот гужва
Колажот пегла
Колажот, навистина, ги исправа сите неправди

## ЗАШТО, ГЛАВАТА Е СÈ ШТО ИМАМ

Луѓето кои ги среќавам
не ја гледаат заштитната кацига која на главата
ми сјае како ореол додека копам тунел
преку кој сакам да стигнам до нив.
Дури ни оние кои ме милуваат по главата
не чувствуваат дека на неа носам нешто:
мислат босанска е, затоа е толку тврда.

## КРИМИ ФИЛМ + АСЈА = КОМЕДИЈА

Ниеден крими филм не би успеал ако мене ми ја дадат
главната улога: секогаш оставам
отпечатоци со прстите во еурокремот.
А констипација?, би прашале нервозно режисерите.
Слушнете, би рекла, кога една врата се затвора,
друга секогаш се отвора.

## ФРАНКЕНШТАЈН

Нуркав долго додека не го пронајдов
Она што најмногу ми се допаѓаше кај предците
Би сакала да ги имам колената на дедо
Заоблени како каменчињата од морското дно и
Прстите на дедо секогаш замотани околу пенкалото
Но никој не ме прашува ништо
За живите сум ноктот на дедо кој постхумно расте
Со лицето на баба, четвртестите пети на тетка ми
И очите на некој кој сѐ уште е жив
Но не можат да се сетат на неговото име

## САМОУБИЕЦ СО ВИСОК ЕСТЕТСКИ КРИТЕРИУМ

облеков жолто
за да биде црвено на жолто
кога ќе ме прегази автобусот
од Живиница
во 15 и 40

# ПРИСПИВНА

несреќи им се случуваат
на оние кои не спијат
и тоа одамна го знам
па сепак
ги дочекав шинтерите будна
со пушки гласно ја стишуваа
музиката на кучињата скитници
ги довезоа кучешките трупови
со труцкавиот камионски ȏд
под мојот прозорец
и љубоптино
фрлив поглед
да видам како ќе изгледа
мојот утрешен сон.

# YOUPORN

## ОДГОВОР НА ПРАШАЊЕТО: ШТО НАСТАНАЛО ПРВО - КОКОШКАТА ИЛИ ЈАЈЦЕТО?

Адаме, рече Бог
Ако бидеш добар
Од јајцето ќе ти направам
Кокошка*

*Игра на зборови: во оригиналот, koka се употребува како жаргонски збор за женски гениталии.

# МАКИ ПО ЕВА

Ева пак поминува на црвено
Додека во устата пика нешто малечко.
Во лицето цела црвена
таа бога го повикува:
или дај ми го овошјето
или кастрирај го!
нема веќе да го земам во уста.

# МАСТУРБАЦИЈА

Малиот принц слета на мојот кревет
И незадоволно превртува со очите:
Како тоа тој не може да ја допира розата,
А јас постојано ја допирам својата
И никакви боцки нема да да ме спречат во тоа!

# ВОАЈЕРИ

од отворениот орман
облеката го гледа моето заспано тело
гаќичките и градниците ги имаат
истите оние валкани мисли
кои ги имам и јас кога ги гледам нив

## ДЕТСКИ СЕКС

дење децата пеат хитови
под туш додека
некој ѕирка низ клучалката и го оценува
нивниот настап

ноќе плишаните играчки
наместо љубовници лежат под нивните глави
и им ги пеат приспивните песнички кои родителите
не сакаат да им ги пеат

# КОПНЕЖОТ НА ОБЈЕКТИТЕ

две четкички за заби
се преплетуваат една во друга
со влакненцата кои достигнуваат
и до тешко пристапните места.
додека ги гледа,
каладонтот
инаку extra white,
помислува колку радо, двете,
би ги намачкал
со својот ментол вкус.

# СОНОТ НА ЕДНА ДАКТИЛОГРАФКА

се сексам со
црвенокос младич
кој
пенетрирајќи во мене
вади од мојата уста
звук на машина за пишување

# ЗА СЕМЕЈНИОТ АЛБУМ

Ми ги врзуваш рацете
И ме соблекуваш гола
Велиш:
Ова нема да можеме
Да им го покажеме на децата

* * *

момчето со луле
постојано гледа во мој
правец
како да бара запалка или ќибрит
не знам зошто го прави тоа
тоа што сум во мини сукња
не значи дека
пушам

## ТОТАЛНО НЕРОМАНТИЧНА ГЕЈ ПЕСНА

Не барам да ме сакаш, ама
Очекувам да ми кимнеш со главата
Во знак на одобрување
Да се наместиш и
Наместо срцето
Да ми го подариш твојот
Шупак

## УВОД ВО ПОРНОГРАФИЈА

на италијанскиот канал
топката која не е билијардска влегува во дупката
и остава место за уште

# ТИТАНИК ОД ПАНОНСКО МОРЕ

## ЗА ДОБРАТА ПОЕЗИЈА / HASTA LA VICTORIE SIEMPRE

вики фивр често оди на риболов
за да пишува поезија во чамецот
и иако вики е скратено од викторија,
а англискиот јазик богат и голем
се враќа дома без улов.
нејзините црви се натопуваат и пловат,
но рибите на добрата поезија не ги голтаат.
лицето врамено со остра коса
наречено вики фивр вели:
in a good poem a poet disappears.
that's what this struggle with language is all about.
па нека ти биде,
ѝ велам на мојот мал, најмал јазик,
од ова рибарење, драга вики,
нема да се вратиш.

# ЈУНАЦИ

маскирани мажи притрчаа до колата
и на анатолиј трофимович му пукаа директно
во глава
потоа пукаа и во неговата жена
која по тешките повреди умре во болница
ја поштедија само нивната четиригодишна
ќерка
од која никогаш нема да стане бетмен

## ПРИГОДНА ПЕСНА ВО НЕЗГОДНО ВРЕМЕ

кумот напиша песна
која сакаше да им ја прочита на младенците
но затоа што тоа беше свадба
некој понесе пушка
и го уби и кумот
и поезијата

Цеца преживеа

# НИЕ СМЕ ГЕНЕРАЦИЈА КОЈА НЕ ГИ ОПЛАКУВА СВОИТЕ ДЕДОВЦИ

*На Гордан Духачек*

Другар ми го пронајде трупот на својот дедо
Го свrте
Го преврте
И не почувствува ништо
Ист е жив
Како и мртов

# ХРВАТСКИ И СРПСКИ ДЕЛ ЗА МАЛИ ПАРИ

Владимир Топовиќ
пријателски 1962.
им ја подарил на Зора и Милан Курјак
антологијата на нова југословенска поезија
бидејќи повеќе ја нема Југославија
и нема повеќе пријателство
книгата заврши кај Бране и мене

# ТИТАНИК ОД ПАНОНСКО МОРЕ

ние сме предобри за
десетминутните документарци во боја
бидејḱи овде толку добро се глуми
и инаку
по честакот снимаме
грандиозни сцени со нечиста крв
а одушевените луѓе гледаат
како паѓаат глави
и тече крв

## ТИЕ МЕНЕ: MANGIA, MANGIA КАКО ВО ФИЛМ НА ПАЗОЛИНИ

Лошата политика како расипана храна
Создава желудочни тегоби
Од сето тоа умната глава не може да спие:
Зошто Босанците дрчно го кркаат
Она што човек не би го јадел ни кога е намачкано
На вкусен леб?

* * *

луѓето сакаат пресврти
полни со крв и секс.
мислам, акциони филмови
полни со цицки и газови.
сакаат кога некој
некого ќе удри и така,
ебе и слично.
(не би сакала сега да бидам вулгарна)
луѓето го сакаат тоа,
а никогаш
не би рекле,
зашто кога ќе им заѕвоните
ќе го слушнете ѕвончето
кое звучи како
цвркот на птица.

# УТОПИЈА

Снегот паѓаше преку ноќта
И наутро автомобилите
Беа подеднакво бели:
И оние со мулти-лок
И оние кои се палат на
Туркање.

# ЗАПАДНОЕВРОПСКА НОВОГРАДБА

Исус
прицврстен со клинци за
бетонскиот ѕид
страда од поголеми маки:
наместо крст
на грбот носи
цел станбен блок

# ЗЗЗЗМРТ ВО АФРИКА

Мувите ја знаат напамет
Селановата фуга на смртта и
Секој ден зујат по
Земјите од Третиот свет
Wwwwwir schaufelnnnn einnn Grab innnn der Lüftenn
Da liegt mannnn nnnicht ennnng.
Вчера една од нив, залутана во мојата соба,
Ја убив со Модра река
Од Мак Диздар

***

Толпата која не значи ништо
Ни за историјата
Ни за мене
Маршира секој викенд
Во шопинг
Нозете чекорат по улиците
Потесни од широките
И празни мисли
Додека гледам како
Над нас
Повторно летаат
Heinkel 51 i
Junker 52.

# ЛЕТАРГИЈА

некој од својот стан изнесува мртовец
кој утре ќе биде
до блиската трафика
да купи кутија цигари
а потоа, кога ќе се врати дома после прошетката
да умира полека со музиката
со која пораснал
на каучот на кој е зачнат
прашувајќи се чуму
учење странски јазици
кога ни на мајчиниот нема
што да каже

## НА ВРВ НА ЈАЗИК

*-На Сања*

Додека го листам атласот со заболени нокти,
го барам она што ги мачи моите:
пруги, нерамнини, годови од дрвја-
секоја неволја станува видлива
кога ќе се поткрене
на врвот на прстите

***

Притискање на self-clean копчето
и од мене излегува мисла
која ми го собира челото:
Уште една чаша тузланска вода
и ќе ја испеглам работата на срцето во
рамна линија!

# ЕБЕТЕ СЕ, ОВОЈ ГАЗ ЌЕ УМРЕ ПОИНАКУ

електричниот стол
на енди ворхол
од 1967
и јас
секогаш се сретнуваме.
прво во загреб,
а потоа и во париз
каде што висеше на ѕидот
како никогаш и да не слегол
од него,
како да чекал
мојот босански
тридимензионален газ
уморен од патување
конечно да го спуштам на него.

# КАКО ДА СЕ СТАНЕ САТИРИЧАР

да се изеде случајно оса
да се искцрка со забите мислејќи дека е
парче чоколадо во сладолед од страчатела
да се исплукаат крилцата
а боцката да се остави на врвот на јазикот

# БОСАНЦИ
# ХРВАТИ
# СРБИ
# ОСТАНАТИ

# БЕСЕЊЕТО НА БАБА МИНКА

*-На баба Минка*

Да разјасниме веднаш:
Баба Минка никогаш
Не се обеси.
Одеше после
Партијата карти по својот
Кариран појас да се обеси на
Казанчето
Во WC-то
Дедо Авдо стануваше полека
И смирено ја повикуваше
Баба Минка да излезе
И не чекајќи
Се враќаше на масата
И го земаше шпилот
Знаејќи дека на баба Минка
Играњето карти ѝ е поважно
Од бесењето

# КРАТКА БИОГРАФИЈА

татко ми е словенец
ама нема документи да го докаже тоа,
зашто од ’95 е босанец
17 години помина во марибор
3 во целје
а остатокот ќе го помине во затвор
заедно со мајката, сестрата, вујкото
и останатите многубројни роднини
и пријатели

## СОЦ-РЕАЛИЗАМ

Цел ден рендам свежа зелка и ја мијам во кадата
Ја поставувам масата за семејниот ручек-
Ќе зборуваме за социјализмот
Дедо е тука и велам:
Бев најсреќна во социјализмот
Гледам дали има зелка за сите
Ставив чинии и за баба ми и тетка ми
Ама само јас и дедо ја коментираме
Статијата од весник закачена на жицата
за сушење алишта
Млечнобела мравка забрзано преминува
по масата
Едвај ја забележувам-
Уште е мала за да биде црвена
Каква е зелката, прашувам
Никој не одговара-
Мртвите разговараат само за важни работи

# КУП ПАЈАЖИНА

Во изменетиот простор
парче од стариот тапет
скриено зад радијаторот (и куп пајажина)
зборува за времето
кога на ѕидот висел Тито,
а мама, дедо и кучето
си легнувале пред десет.
Многумина ќе речат - се сеќава,
ама оваа глетка лесно би можела да биде
портрет на Виталин Бахвалов,
бидејќи пегавото лице на моето минато
исчезнува зад аголот како странец
и од таму повеќе
не се враќа
ни на пожолтените фотографии.

# ИЗВИНУВАЊЕ ДО САЛЕ ШТО НЕ ГО СЛУШАВ ПОВНИМАТЕЛНО

*-Во спомен на Саша Мехмедагиќ*

Седиме во викендицата на Рената
На масата
А на масата осатоци од храна
Рано наутро е
Само ние седиме надвор и ловиме риби
Со очите по езерото Модрац
Сале почнува да зборува за тоа како
Луѓето крадат риба
Рибокрадци
И навистина слушам како нешто таму
Шушка и
Како водата го заплиснува брегот и чамците
Но веќе низ сон
Спијам
Сале е буден
Сосема свесен за ситуацијата
И зборува за ловењето риби
А јас се прашувам од каде го знае сето тоа
Но веќе низ сон
Со мислите сум некаде
На средина од покривот
Покриена со ќебе и спијам
Едвај го слушам Сале
Некако се оддалечува
Исто како да нурнал во езерото
Со рибите и
Повеќе не излегува.

***

требаше да сакам хемија
бидејќи наутро ги затекнувам мравките
како го јадат на мојата маса распарчениот
дејвид линч.
внимателно ги гледам да видам
каде им се грлата кои не дозволуваат
движење надвор од хемиските соединенија
ниту вресок под тешкиот товар на храната.
не ги слушам, но го насетувам
нивниот апетит во формули:
дејвид, шепотат,
те сакаме,
ќе те распарчиме,
ќе те изедеме - од тебе ќе никне нашата мравја
кинематографија.

# КВИР ИГРА

Бесмртност за кучето по име Бен!
Бидејќи тоа во детството ме бркаше
низ мракот на штотуку изникнатата населба,
по калдрмата која води до вратата од куќата,
па сè до собата во која на мир можев да бидам
мачка по име Софија.

## ПЕСНАТА НА ЕДЕН МАЛ ДЕБЕЛКО

Звукот на фрижидерот е
Како звукот на срцето
Ги затворам очите и
Слушам како чука

# ЦРНАТА ЗЕМЈА ПАМТИ, АМА И ЛУЃЕТО ИСТО ТАКА

уште малку па ќе умре
последниот земјоделец во моето семејство
полињата со пченка и листовите од зелената салата
ќе му мавтат додека ќе исчезнува
компирот од тага ќе се сокрие подлабоко во земјата
гравот ќе се свие во своите леи,
сѐ до еднакво ожалостениот кромид и
вкусните, но во човечката смрт немоќни лубеници
плодовите ќе тагуваат, ама луѓето нема-
беше гомно, затоа зеленчукот така му успеваше

# БОНУС ЗА УПОРНИ

# МОЌТА НА РОМАНОПИСЕЦОТ

да пишувам роман
би го прекинала на неколку места
со паузи за мочање
да нема само серење
нормално, читателите не би забележале
зашто би си ги измила рацете

**Асја Бакиќ** е родена 1982 година во Тузла, каде завршила студии по босански јазик и книжевност. Објавувала поезија во повеќе списанија од просторот на поранешна Југославија (Profemina, Tema, Zarez, Quorum, Diwan, Poezija, airBeletrina). Авторка е на неколку блогови. Феминистка е и полиглот. Освен со пишување, се занимава и со книжевен превод. Во 2009 ја објавува поетската книга „Може и кактус, само нека боде“, а во 2015 збирката раскази „Марс“.

